ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 9 НОЕМВРИ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- **Завршува реконструкцијата на дел од ул. „Маршал Тито“ и ул. „Вера Јоциќ“**
- **Реконструкција на регионалниот пат с. Бигла— с. Трстија**
- **Учествувајте во креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2021**
- **Објавен Конкурсот за општински стипендии**

## Завршува реконструкцијата на дел од ул„Маршал Тито“ и ул „Вера Јоциќ“




Со поставувањето асфалт на коловозот, на улиците „Маршал Тито и на „Вера Јоциќ“ завршуваат градежните работи за реконструкција на улици во рамките на проектот „Подобрување на општинските услуги“ кој се реализира преку МСИП- проектот на Министерство за финансии, со финансиска поддршка преку Светска Банка кој е реализиран со средства од подзаем во висина од 32.252.287 денари.



Реконструкција на регионалниот пат с. Бигла-с. Трстија




Учествувајте во креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2021




Објавен Конкурсот за општински стипендии

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Совет на Општина Делчево

# Одржана 47 Седница на Советот на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево на редовна 47 Седница донесе Одлука за основање заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад. Со оваа одлука советите на општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Куманово, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане и Свети Николе, основаат заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпадот во Источниот и Североисточниот плански регион и општина Свети Николе. Заедничкото јавно претпријатие е со назив Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе со седиште во општина Свети Николе на адреса: Плоштад „Илинден" бб Свети Николе. Износот на средства за основање на претпријатието изнесува 3 000 000 денари, а средствата ги обезбедуваат општините- основачи во пропорционален износ со бројот на население според последниот попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, според кој, Делчево со 17,505 жители учествува со 140.737 денари.

ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК се организира на начин што ќе обезбеди поттикнување и развој на управувањето со отпадот на регионално ниво согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија и Планот за управување со отпад на Република Македонија, воспоставување и организирање регионален систем за управување со отпад којшто особено се состои од регионална депонија за комунален отпад и/или други објекти и инсталации за постапување со отпадот.

Согласно со Одлуката, ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК има 6 претоварни станици, а за Делчево претоварната станица е во М. Каменица.

Советот на Општина Делчево го усвои и Планот на Програмата за развој на Општина Делчево за 2021 година кој се однесува за изградба на градскиот пазар- отворен и затворен дел. Вкупната вредност на проектот е 35.346.892 ден., а реализацијата на втората фаза планирана за 2021 г изнесува 17.652.829 ден.

Исто така, советниците ја усвоија и Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година која се однесува на проширување на Буџетот на ЈЛБ „Илинден" во висина од 505.000 ден. средства кои се однесуваат на зголемување на платите на вработените, како и проширување на сметката за донации во износ од 169.200 ден. кои се однесуваат за еднократна исплата на лицата ангажирани преку проект за Светска банка.

Советниците дадоа согласност на Измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели цветови".

# Бочварски од Делчево: инвестирани 50 милиони евра во патната инфраструктура во источниот регион и во добрососедство

Актуелности





Министерот за транспорт и врски Благој Бочварски, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и пратеничката Соња Михаиловска денеска извршија увид во завршните градежни работи за реконструкција на регионалниот патен правец с. Бигла-с. Трстија во должина од над 4 км со што се финализира реконструкцијата на вкупната делница во должина од 18 км која екипи на „Македонија пат“ ја работеа во фази изминативе три години. Вредноста на работите на последната делница е 30 милиони денари, а вкупно за комплетната реконструкција се инвестирани 1.340.000 евра. Реконструкцијата опфаќа проширување на коловозот од 3м на 5 м, поставување банкини и одводни канали.

Градоначалникот Трајковски истакна дека со реконструкцијата на патниот правец с.Бигла- Виница се решава круцијален проблем за жителите од повеќе села од делчевската и виничката општина, рече Трајковски.

Не треба да зборувам колку е важна реконструкцијата на овој регионален пат и кои се придобивките од реконструираниот и проширен коловоз, бидејќи жителите од овој регион добро знаат дека овој регионален пат е, всушност, и алтернативна врска на Делчево со останатиот дел на државата. Изразувам благодарност до Владата за реализацијата на овој значаен проект кој има директно влијание врз развојот на регионот и со реализацијата на овој инфраструктурен проект се создаваат и нормални услови за сообраќај, поголема безбедност во сообраќајот и подобра комуникација меѓу Делчево и Виница, како и селата коишто гравитираат во овој регион, рече Трајковски.

Во источниот регион, МТВ досега инвестирало 50 милиони евра во реконструкција и рехабилитација на патишта во источниот регион кои директно ја поврзуваат РСМ со соседна Бугарија.

-Во овој регион, како никогаш досега, се инвестирани 50 милиони евра што значи инвестираме во добрососедство и даваме целосно нова слика во патната инфраструктура во источниот регион. Интензивно се работи на изградба на експресниот пат до Кочани што е особено значаен за овој регион, посебно за крајниот исток, инвестиравме во транзитниот булевар низ Делчево, во рехабилитација на патниот правец од Делчево кон Граничниот премин, го рехабилитиравме патниот правец Берово- Клепало што е едно од прашањата и инетересите на двете држави да се отвори уште еден граничен премин кој ќе биде значаен за овој регион и можеме да дадеме свој придонес во подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од двете страни на границата, во конекцијата и развој на економијата и даваме целосно нова слика на регионот, рече Бочварски.

Министерот Бочварски потенцираше дека МТВ има одлична соработка со Општина Делчево и додаде дека во Делчево во вториот лот од проектот „Македонија без кал“ поддржан од СБ за реконструкција се подготвуваат три улици кои ќе се реализираат во 2021 г.

Инвестицијата во патната инфраструктура има директно влијание во подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, истакна пратеничката Михаиловска. Таа ги потенцираше значајните проекти кои МТВ досега ги има инвестирано во регионот, посебно во Делчево и додаде дека целта и на денешната средба со министерот е да се потенцираат приоритетите на регионот кои ќе донесат и подобар квалитет на животот на граѓаните.

Актуелности

# Асфалт на „Маршал Тито“ и на „Вера Јоциќ“





Со поставувањето асфалт на коловозот, на улиците „Маршал Тито и на „Вера Јоциќ“ завршуваат градежните работи за реконструкција на улици во рамките на проектот „Подобрување на општинските услуги“ кој се реализира преку МСИП- проектот на Министерство за финансии, со финансиска поддршка преку Светска Банка кој е реализиран со средства од подзаем во висина од 32.252.287 денари што подразбира, реконструкција на улици во градот со должина од 1,3 км, („Маршал Тито“ и „Вера Јоциќ“) и изградба на комплетно нова улица во населбата СРЦ.

Улицата „Маршал Тито“ се реконструираше во делот од касарната до Таушанското маало и е во должина од 743 м. што подразбира и изградба на потпорни ѕидови и проширување на коловозот, изградба на низа објекти по должината на улицата, со што Делчево добива современа сообраќајница и го решава тесното грло во сообраќајот обезбедувајќи безбеден сообраќај и за возилата и за пешаци и современа сообраќајница која го поврзува овој дел од градот со централното градско подрачје.

Увид во работите направи градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски кој истакна дека со реализација на овој проект решаваме големи проблеми на граѓаните, го подобруваме квалитетот на животот и придонесуваме за поголема безбедност во сообраќајот, а исто така, се зголемува капацитетот на протокот на овие улици, но и се намалуваат трошоците за одржување на веќе дотраените коловозни ленти на улиците „Маршал Тито” и „Вера Јоциќ”, додека, пак, улицата бр. 7 во населбата СРЦ доби комплетно нов лик и од земјена улица прерасна во асфалтирана улица со тротоар и комплетен систем за атмосферските води. Директна корист од реализацијата на овој проект имаат 1130 жители на општина Делчево.

Улицата „Вера Јоциќ“ која е една од најфреквентните улици во населбата Милково Брдо во Делчево, се реконструираше во должина од 599 метри.

Инаку, на потегот на оваа улица и на неколку краци во населбата, претходно беше поставена атмосферска канализација во должина од 2 км со што се реши долгогодишниот проблем со атмосферската вода која при обилни дождови предизвикуваше поплавување на повеќе објекти и имоти на граѓаните во овој дел од населбата. Изградбата на атмосферската канализација е преку проект на Министерството за транспорт во вредност од 13 милиони денари и Европската инвестициска банка.

# Градската капела ставена во функција

Актуелности




Градската капела во Делчево од 16 ноември е ставена во функција. Согласно со Протоколите за работа, градската капела која има карактер на јавен комунален објект, ќе работи 24 часа со соодветни дежурства на одговорните лица во капелата. Согласно со протоколите, починатото лице се презема од местото каде што починало, со специјално возило на операторот кој врши погребни услуги на територијата на Општина Делчево, а прифаќањето на починатото лице во капелата се врши во секое време во текот на 24 часа.

Протоколите предвидуваат чување во ладилник на починатото лице, изложување на одарот во посебна просторија за таа намена определена за верски објекти и оддавање последна почит, два часа пред времето определено за погреб. Палењето свеќи е дозволено само на определено место за таа намена, додека храна и пијалоци можат да се внесуваат само во соодветна просторија.

Во овој период на пандемија, граѓаните треба да ги почитуваат сите мерки и протоколи за заштита од ковид 19, а во таа смисла и да не се дозволи поголемо групирање при погреби. Во градската капела ќе се врши честа дезинфекција, по секој извршен погреб. Исто така, Правилникот изричито укажува дека посмртните останки на лица починати од заразни болести нема да се изложуваат на одар, а телото ќе се чува во ладилникот на капелата само во лимен ковчег кој не смее да се отвора.

Висината на надоместокот за користење на мртовечница со ладилник (капела) на градски гробишта Делчево изнесува 2.000,00 денари.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Првата детска градинка во рурална средина ќе се отвори во Разловци



Стартуваа градежните работи за преадаптација во детска градинка на две училници во ПУ „Св. Климент Охридски“ во с. Разловци со што за прв пат ќе биде отворена градинка во рурална средина во Делчево.

Увид во работите изврши градоначалникот Горан Трајковски кој заедно со директорката на ОЈУДГ „Весели цветови“, Билјана Симовска, го потенцираа значењето на оваа инвестиција со кој во Разловци, како најголемо, но и најоддалечено населено место во Општината ќе биде отворена детска градинка.

– Инвестираме во раниот детски развој и создаваме современи услови за згрижување и воспитување на дечиња на возраст до 6 години во с. Разловци, со што за прв пат во нашата Општина се отвора градинка во рурална средина. Ценам дека отворањето на детската градинка многу ќе помогне на младите родители кои имаат работни обврски и ќе знаат дека додека тие се на работа, нивните деца се згрижени и со нив посветено ќе се работи по содветни програми наменети за соодветната возраст на дечињата. Во оваа прилика, изразувам посебна благодарност на МТСП за реконструкција, адаптација, опремувањето на просторот, а воедно и на одговорните лица во ООУ „Св.Климент Охридски“ кои излегоа во пресрет и ја препознаа потребата и значењето на инвестиците во раниот детски развој и овозможија детската градинка во Разловци да се отвори во училишната зграда за што се ослободија две училници, истакна Трајковски.

Директорката Билјана Симовска истакна дека во градинката во Разловци ќе бидат згрижени 20 дечиња.

– Потребата од отворање на градинка во рурална средина е голема и е во насока на политиката на МТСП за поголем опфат на децата во предшколските установи. Предвидено е да има една занимална со сите придружни елементи, тријажен простор за прием на децата, една чајна кујна, каде децата ќе добиваат топол оброк, бидејќи овде ќе бидат децата со целодневен престој, потенцираше Симовска.

Вкупната вредност на инвестицијата од МТСП е 4 милиони денари. Градежните работи се очекува да завршат за неколку месеци.

# Учествувајте во креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2021!




Поради актуелната пандемија, Општина Делчево годинава ќе ги собира приоритетите и предлозите на граѓаните користејќи други алатки наместо традиционалните буџетски форуми. Во таа смисла во тек е јавната анкета објавена на веб-страницата на Општина Делчево и со нејзино пополнување директно се учествува во креирањето на приоритетите и Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

Исто така, месните и урбаните заедници треба да достават записници од одржаните состаноци, каде ќе бидат нотирани приоритетите за решавање за наредната 2021 г.

На општинската е-маил адреса info@delcevo.gov.mk, граѓаните ќе можат да доставуваат и предлози во писмена форма кои ќе бидат дел од прелог-програмите на одделенијата и секторите во Општина Делчево.

Исто така, на почетокот на месец декември ќе се одржи и зум-состанок на кој би се вклучиле сите заинтересирани граѓани, претставници од институции и од невладиниот сектор.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

Актуелности

# Објавен конкурсот за општински стипендии




Општина Делчево ги објави конкурсите за доделување општински стипендии за ученици и студенти. Согласно конкурсите, Општина Делчево и годинава ќе доделува 28 стипендии за ученици и за студенти во две категории. Стипендиите се неповратни и ќе се исплаќаат за период од девет месеци започнувајќи од јануари 2021 г. Висината на стипендијата зависи од категоријата на која аплицира средношколецот, односно 1 000 ден месечно за првата категорија и 1.500 денари месечно за втората, додека висината на стипендиите за студенти изнесува 2000 денари месечно за првата категорија и 3.500 денари месечно за втората категорија.

Годинава Општина Делчево доделува 18 ученички стипендии во две категории.

Во **првата категорија** се предвидени 10 ученички стипендии за одлични ученици од II, III и IV година во учебната 2020/2021 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение и ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 1.000 денари месечно, а ќе се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2021 година;

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 8 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето кои ги исполнуваат условите да се редовни ученици од II, III и IV година во учебната 2020/2021 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение, како и ученици кои во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари. Висината на стипендијата изнесува 1.500 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2021 година;

Се доделуваат 10 стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија, во две категории.

Во **првата категорија**, Општина Делчево доделува 6 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва), кои се жители на Општина Делчево и студираат на државните универзитети во РСМ, а се редовни студенти со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 2.000 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец Јануари 2021 година.

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 4 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, редовни студенти од техничките науки и медицински науки од сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето, редовни студенти од општествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето.Висината на стипендијата е 3.500 ден месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од јануари 2021 г.

Конкурсот за доделување стипендии е објавен на општинската веб-страница www.delcevo.gov.mk и на локалните медиуми.

# Терен за одбојка во ООУ „Ванчо Прке“

Актуелности



Во ООУ„Ванчо Прке“-Делчево заврши изградбата на теренот за одбојка со површина од 345 $m^2$. Изградбата на одбојкарското игралиште во училиштето е дел од проектот за 2020 година, каде претходно беа реализирани зафати за реконструкција на кровот, прозорците и подот на спортската сала, реконструкција и изградба на пристапните патеки кај главниот и задниот влез на објектот, а беше поставена рампа за инвалидизирани лица.
Вкупната инвестиција на проектот е 2. 7 милиони денари, средства обезбедени од буџетот на училиштето.
Следните планирани активности на ООУ „Ванчо Прке“ е целосното завршување на дворната ограда, како и фасадата на училишната зграда, за која училиштето има добиено согласност од Фондот за капитални инвестиции од Светска банка.

## Со квалитетни украсни садници се збогатуваат зелените површини во Делчево

Екипи на ЈКП „Брегалница“ ја спроведоа акцијата за засадување украсни садници со што се збогатуваат зелените површини, а парковското зеленило добива нов лик во градот.
Садниците ги набави Општина Делчево во тендерска постапка при што од Буџетот се одвоени 138.603 денари, цена со пресметан ДДВ, а од економскиот оператор „Градина цвет“ од с. Владиевци Василево, како понудувач со најниски цени, се набавени 169 садници од сортите: калемена Katalpa nana 43 садници, tuja smaragd occidentalis 84 садници, tuja smaragd spiral 21 садник, leylandii pom pom 21 садник. Украсните садници ќе се засадуваат по должината на парковското зеленило на бул „Македонија“ од крстосницата кај семафорите кон излезот од градот кон Берово.



Градоначалникот Горан Трајковски направи увид на почетокот на акцијата и истакна дека целта на оваа акција е да се збогатат содржините во јавните зелени површини во градот, а украсните садници ќе дадат посебен и богат изглед на булеварот кој е фреквентна сообраќајна артерија за транзит на возила за влез и излез од земјава, а секако, со збогатување на зеленилото директно се влијае и за почист воздух.

# Со нова детска литература ќе се збогатува библиотеката во с. Разловци




Во клонот на ЈЛБ „Илинден“ во с. Разловци ќе се набавува нова детска литература што ќе даде можност на учениците да имаат побогат избор на литература, кај младите да се разбуди интересот за книгата како најдобар пријател, но пред сѐ да се одговори на потребите за литература во наставата.

Во таа смисла директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, апелираше до сите членови на библиотеката во Разловци да ги вратат досега позајмените книги за да може да се направи проценка која литература недостига во библиотеката.

- Клонот располага и со стручна литература за која нема интерес, а барана е детската литература и сликовници. Неколку пати досега правевме напори да ги собереме книгите што одамна се изнајмени, а не се вратени, и еве сега повторно апелираме до сите родители од Разловци, чии деца изнајмиле книга, да ги вратат или да пријават дека ги загубиле, затоа што ЈЛБ„Илинден“ планира да набави нова детска литература и сликовници, но треба да знаеме кои наслови ги имаме, кои се изгубени или оштетени за да знаме и што да купиме, рече Петровска.

Клонот на ЈЛБ„Илинден“ во с.Разловци постои од 1981 година, има вкупно 2488 книги и 30 членови, сите ученици.

Инаку, ЈЛБ„Илинден“, на библиотеката во Подрачното училиште во с. Разловци подари лектирни изданија и литература за деца со што ја продолжи практиката за збогатување на училишните библиотеки во подрачните училишта со нови наслови.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Култура

Култура

# Да кажеме НЕ за насилството врз жените




По повод Меѓународниот ден за елиминација на насилство врз жените низ портокаловата боја на кампањата „16 дена активизам“, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски испрати порака дека секој поединец има обврска и одговорност, да создава услови и даде придонес во градењето општество каде насилството врз жените е неприфатливо!

-Убеден сум дека само со лична посветеност и не затворањето на очите пред насилството врз жените, нашето општество ќе излезе победник од овој глобален проблем. Во таа насока се и политиките на Владата и активностите што ги презема Општина Делчево во соработка со КЕМ и НВО-секторот: да создаваме општество кое ги заштитува жените и на жртвите им дава сила да се извлечат од средините во кои им се закануваат да молчат и да продолжат со животот без насилство, истакна Трајковски.

Тој ги потенцираше политиките на Владата кои се насочени кон превенција и заштита на жртвите од насилство, како што се:

- отворените шелтери за згрижување,
- ратификацијата на Истанбулската конвенција, како и
- најновиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, како едно од најсилните оружја во борбата против сите форми на насилство.

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**